Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ........ 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ........ 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА ПОМЛАДИ ЛЕКТОРИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ" бр. 64/2000), како и Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование од 1.8.2008 година за избор во наставно-стручни и соработнички звања, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор наставник, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип („Универзитетски гласник" број 10, од јули 2009 г. и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 17.2.2010 година, со Одлука бр. 2402-32/13 избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Марија Јанева, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (претседател),
2. проф. д-р Зозе Мургоски, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член),
3. проф. д-р Драги Михајловски, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (член)

за избор на ***двајца помлади лектори по англиски јазик*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со објавениот Конкурс во весниците „Дневник" и „Лајм", на 4.2.2010 година, за избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет се пријавија Елена Тупаревска, помлад лектор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Драган Донев, помлад лектор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и м-р Анка Веселинова.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Драган Донев** е роден на 13 април 1980 година во Штип. Во 2002 година се запишува на Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување и дипломира во 2006 година со средна оценка 8,95 и се здобива со диплома **дипломиран толкувач по англиски и германски јазик**. Кандидатот наведува дека во 2006 година бил на студиски престој на Карл-Франценс универзитетот во Грац, Австрија. Во моментов е запишан на постдипломски студии, но кандидатот не наведува каде и од која област.

Кандидатот како работно искуство наведува ангажман како офис менаџер и преведувач и толкувач од германски јазик во „Астибо фешн" од Штип. Од јуни 2007 работи како лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на Филолошкиот факултет, Економскиот факултет и Медицинскиот факултет.

Кандидатот Драган Донев се занимава и со писмен превод, па како свои преводи наведува две книги: ***Матни води*** од Волфганг Шорлау (во издание на Матица македонска) и ***Леон*** од Инге Мајер Дитрих (Детска радост), но не наведува од кој јазик се преведени.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Елена Тупаревска** е родена на 20 јануари 1980 година во Скопје. Во 1998 година се запишува на Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна насока. Дипломира во 2003 година и се здобива со диплома **професор по англиски јазик и книжевност**.

Како работно искуство кандидатката наведува дека во периодот јуни-октомври 2001 година престојува во САД преку "Council-Exchange Work & Travel" програмата, како и во периодот јуни - октомври 2002 година кога престојувала во САД преку "Inter-Exchange Work & Travel" програмата. Во периодот септември 2003 - јуни 2004 година волонтира во Невладината организација „Ерманас Аугустинас" за развој на образованието кај раселени деца во Колумбија. Во периодот септември 2003 - јуни 2004 година работи како наставник по англиски јазик на Универзитетот „Дел Норте" во Баранкија, Колумбија. Во периодот јуни 2004 - декември 2004 година работи како наставник по англиски јазик и академски координатор во Интернационалното училиште „Хај Скоп" во Џакарта, Индонезија. Во периодот јануари 2005 - јули 2005 година работи како наставник по англиски јазик во средното училиште „Санта Лауренсиа" во Џакарта, Индонезија. Во периодот октомври 2005 - мај 2006 година работи како наставник по англиски јазик во Интеранционалното училиште Кембриџ во Картум, Судан. Во периодот јуни 2006 - септември 2006 година работи како инструктор по англиски јазик во приватното училиште за англиски јазик „Виндзор" во Адис Абеба, Етиопија. Во јули 2007 година се вработува како помлад лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде и денес ја извршува истата функција. Во периодот јуни 2008 - септември 2008 година работи како волонтер на Универзитетот во Картум, Судан.

Кандидатката Елена Тупаревска, со цел за поголемо стручно усовршување, учествува и на неколку стручни семинари. Во мај 2003 учествува на МИЛДС - Семинарот за развој на млади лидери, одржан во Радовиш, Македонија. Во октомври 2003 година учествува на Семинарот за јазиците во Европа, одржан на Универзитетот во Виена, Австрија. Во февруари 2004 година учествува на Семинарот ЗОНАЛИТО за развој на лидерството, одржан во Плаја Мендоза, Колумбија. Во март 2004 година учествува на Семинар за развој на комуникативните наставни методи на Универзотетот Дел Норте, Колумбија. Во декември 2008 година учествува на Светскиот форум за образование и култура одржан во Рим, Италија.

Кандидатката Елена Тупаревска на 24 декември 2008 година полага ИЕЛТС тест на којшто покажува среден успех 8,5. Таа наведува дека поседува солидни познавања од шпанскиот, германскиот и српскиот јазик и успешно се служи со Microsof Office.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Анка Веселинова** е родена на 5 март 1980 година во Неготино. Во 1998 година се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Катедрата за француски јазик и книжевност, наставна насока, со американски студии како втор предмет. Во 2002 година дипломира на истиот факултет, со средена оценка 8,17 и се здобива со диплома **професор по француски јазик и книжевност**. Во 2004 година се запишува на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", каде ги положива сите предвидени испити со средна оценка 9,24 и во 2004 година успешно ја одбранува магистерската теза со наслов „*Европско јазично портфолио - инструмент за стекнување на интеркултурализам, плурилингвизам и автономност во учењето на англискиот јазик како странски јазик*", со што се стекнува со право на научен степен **магистер по филолошки науки.**

Кандидатката Анка Веселинова како работно искуство наведува дека во периодот од септември 2001 до август 2009 година работи како наставник по англиски јазик во ООУ „Димче Ангелов Габерот" во Демир Капија. Во периодот септември - октомври 2009 година работи како наставник по англиски јазик во ООУ „Страшо Пинџур" во Неготино. Од октомври 2009 година работи како наставник по француски јазик во ООУ „Даме Груев" во Градско. Во периодот 2002 - 2008 година хонорарно работи како професор по англиски јазик на Работничкиот универзитет „Неготино".

Кандидатката Анка Веселинова учествува и на бројни семинари. Во април 2007 година учествува на семинарот *Наставниците по англиски јазик во борбата против непредвидените околности во училницата*, организиран од страна на ЕЛТАМ во Струга. Во мај 2007 година учествува на семинарот *Улогите на наставникот*, организиран од ЕЛТАМ во Штип. Во мај 2007 година учествува на семинарот *Реформа во образованието - усовршување на професорите по англиски јазик - мотивација за образување*, организиран од страна на Лонгман во Демир Капија. Во јуни 2007 година учествува на семинарот *Развивање на вештините читање и пишување*, организиран од ЕЛТАМ во Битола. Во септември 2007 година учествува на семинарот *Развивање на вештините слушање и зборување*, организиран од ЕЛТАМ во Велес. Во октомври 2007 година учествува на семинарот *Предавање на граматика и вокабулар*, организиран од ЕЛТАМ во Куманово. Во октомври 2007 година учествува на семинарот *Мотивација-зошто? Мотивирање на читањето во и надвор од училницата*, организиран од ЕЛТАМ во Струмица. Во декември 2007 година учествува на семинарот *Мотивација*, организиран од ЕЛТАМ во Скопје. Во април 2009 година учествува на семинарот *Усовршување на професорите по англиски јазик - млади ученици: посегни по небото!*, организиран од Лонгман во Демир Капија. Во август 2009 година учествува на семинарот *Усовршување на професорите по англиски јазик - Летај високо со ново небо!*, организиран од Лонгман во Демир Капија.

Кандидатката Анка Веселинова наведува дека покрај англискиот и францускиот јазик има добро познавање од италијанскиот и латинскиот јазик и дека има одлично познавање од информатичката технологија.

**Табела**

**за вреднување на активностите на Елена Тупаревска, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Предавања (16+16+15) x1,5+22=92,5 | 70.5+22 | 1.5 | **92.5** |
| Вежби (8+8+16) | 32 | 0.2 | **6,4** |
| Вкупно: | | | **98,9** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјата) | 1 | 1 | **1** |
| **ВКУПНО** | **99,9** | | |

**Табела**

**за вреднување на активностите на Драган Донев, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Предавања (8+8+4) x1,5+14=44 | 30+14 | 1.5 | **44** |
| Вежби (8+8+4) | 20 | 0.2 | **4** |
| Вкупно: | | | **48** |
| **ВКУПНО** | **48** | | |

**Табела**

**за вреднување на активностите на м-р Анка Веселинова, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Предавања | 0 | 1.5 | **0** |
| Вежби | 0 | 0.2 | **0** |
| Вкупно: | | | **0** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Вкупно: | | | **4** |
| **ВКУПНО** | **4** | | |

**З А К Л У Ч О К**

Од гореизнесеното може да се констатира дека пријавените кандидати Драган Донев, Елена Тупаревска и м-р Анка Веселинова, кои се пријавиле на Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 4.2.2010 година за двајца соработници (помлад лектор) на Филолошкиот факултет за наставно-научната област *англиски јазик и книжевност*, само кандидатите Драган Донев и Елена Тупаревска ги исполнуваат конкурсните и законските услови за избор на работното место помлад лектор.

Кандидатката м-р Анка Веселинова дипломира на Катедрата за француски јазик и книжевност, наставна насока, со американски студии како втор предмет чии што наставни содржини битно се разликуваат од оние на Катедрата за англиски јазик и книжевност, вклучувајќи го тука и предметот Методика на настава по англиски јазик, што е неопходен кандидатката да се здобие со звањето професор по англиски јазик.

Ете зошто членовите на Рецензентската комисија се на мислење дека дипломата за професор по француски јазик и книжевност не соодветствува на критериумите за наставно-научната област англиски јазик, па затоа не можеме да му предложиме на Наставно-научниот совет да ја избере за соработник (помлад лектор) за кое звање таа се пријави на распишаниот Конкурс за наставната област *англиски јазик*.

Меѓутоа, кандидатите Драган Донев и Елена Тупаревска, како што погоре е изложено, имаат повеќегодишно искуство како млади лектори, покажуваат голем ангажман и особен квалитет во изведувањето на лекторската настава по англиски јазик на додипломските студиски групи на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Сето ова ги издвојува и квалификува Драган Донев и Елена Тупаревска како посоодветни за работното место помлад лектор за наставно-научната област англиски јазик и книжевност. Затоа, **со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип да ги избере Драган Донев и Елена Тупаревска во звањето *помлад лектор по англиски јазик*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Јанева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Драги Михајловски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Зозе Мургоски, редовен професор, член, с.р.**